**Одлука бр.2**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на таксата**
**за годишна регистрацијата на натпреварувачи во 2026 година**

**Член 1**

Годишната регистрација за 2026 година изнесува:

- за натпреварувачи во категорија 12, 14, 16 и 18 години, мажи, жени и ветерани – изнесува 1.200,00 денари), а за странци членки на домашни клубови регистрацијата е 2.400 денари
- За регистрација, односно издавање годишна членска карта за учество на ЦРВЕНИ И ПОРТОКАЛОВИ (мини и миди тенис) и ЗЕЛЕНИ турнири за секој член неговиот матичен клуб е должен да плати такса на ТФСМ во износ од 500,00 денари, а за странци членки на домашни клубови регистрацијата е 1.000 денари

**Член 2**

ТФСМ ќе го евидентира секој натпреварувач на кој ќе му биде платена таксата за годишна регистрација за 2026 година во електронската евиденција на ТФСМ и натпреварувачот ќе се стекне со право да се натпреварува на турнирите/натпреварите од календарот на ТФСМ за 2026 година.

**Член 3**

За секој натпреварувач кој ќе направи пререгистрација, односно ќе премине од еден во друг клуб ТФСМ ќе направи промена и ќе го евидентира во електронската евиденција под вториот клуб за остатокот од тековната година, а неговиот клуб е должен да плати нова такса во висина определена во член 1.

**Член 4**

За секој натпреварувач кој ќе премине од детски тенис во натпреварувачки тенис во тековната година, тенисерот/матичниот клуб доплаќа такса во износ од 700,00 денари

**Член 5**

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година